# За учителот што живее од другата страна на сонцето

**(Повод: Пет години од смртта на македонскиот сликар Љубомир Белогаски)**

1. Учителот беше висок и строен. Сребрената, но секојпат внимателно исчешлана коса ја красеше неговата глава со извонредно правилни црти. Под густите веѓи, немирните и постојано љубопитни очи ја одмеруваа смислата на човековото живеење; за неа тој им расправаше на своите ученици; расправаше за природата и нејзината вонвременска убавина; ги подучуваше во тајните што ги криеше живописот… Зборуваше одмерено. Мислеше постојано за тоа која е разликата помеѓу нашите желби и нашата судбина… Сликаше во акварел и низ неговата прозрачност ги соединуваше сите времиња во едно време; сите простори во еден простор; сите бои во една…

Еден ден тој замина од друга страна на сонцето, таму кај што живеат белите и прозрачни ангели. Тој замина, а неговите слики постојано патуваат кон нас, уште потаинствени во нивната промислена, а земна светлина. Тие доаѓаат и нè обврзуваат постојано да ги гледаме, зашто ние сме во нив, а тие во нас… По кои патишта живописецот патува кон СОПСТВЕНАТА СЛИКА? Мајсторот на акварелот, во македонската сликарска уметност, Љубомир Белогаски, сега веќе е жива акварелна слика. Нејзината слојност е во вонвременско оттрајување.

2. Акварелот е основна сликарска дисциплина на стариот Египет. Т.н. мртовечки книги, сликани се во акварел на папирус. Во 2. век кинеските мајстори со акварел ќе сликаат на свила и хартија. Во 13. век сликарите од Јапонија своите ремек-дела ќе ги создадат токму во акварел. Во Индија и Персија, во старата Елада и Рим оваа сликарска техника ќе продолжи да го промислува севкупното човеково постоење.

Картоните и студиите за фрескоживописот во ренесансата се подготвени низ акварелот. Акварелите на Албрехт Дирер се првите комплетни слики… Во 18. век во Англија акварелот е веќе сосема самостојна сликарска дисциплина, рамноправна на масленото сликарство. Во почетокот на 19. век неодминливи се акварелните слики на Томас Ровалдсон, Вилијам Блејк низ акварелот ќе ја ослика Библијата. Тарнер, сликајќи со акварел, речиси ќе ја надмине слојноста на маслената слика…

Секоја историја на човековиот творечки чин, па и оваа на акварелот, буди едно специфично чувство кај секого што ќе реши да остане творец до крајот на својот живот. На прво место, тоа чувство ги обединува сите искуства на сечовечка духовна ризница во нејзината целина и во тие рамки ја чувствува сопствената култура и уметност на народот на кој му припаѓа, како еден единствен поредок. Тогаш тој е современ творец. Тоа чувство кон традицијата ги обединува вонвременскиот и временскиот во една единствена целина. Почетокот на патот кон живата акварелна слика на Љубомир Белогаски, недвосмислено ја потврдува таа определба.

3. Беспрекорниот негов цртеж, низ мошне прецизниот слективен приод кон пропорцијата, перспективата, волуменот, движењето и карактерот е цврста основа врз која бојата ја оживува сликарската визија. Тој со неа црта како дете старо 2.000 години!

Композицијата, таа моќ дадена од Бога, низ која сликарот ја распоредува судбината на предметите, ликовите и пределите со нивната ТЕМНА ВОЛЈА, кај овој мајстор е комплетен систем на живеење и мислење; на пресоздавање на живиот одраз што доаѓа од неговото внатрешно огледало. Напати строга, дури и „сиромашна“, таа постојано, од слика во слика, ја слави слободата на творечката личност, низ длабок поклон пред нејзиниот олтар. А, таа слобода уште посилно обврзува од каква било претпоставка. Всушност, за овој мајстор и неговата моќна композиција не постојат претпоставки, туку само цврсти и бескомпромисни заклучоци. Бојата што минала низ крвотокот на мајсторот, прозрачна и во својата најдлабока темнина, е топла и светла; низ неа Белогаски ги сведува фактите за неодминливата вистинитост на непроценливите природни и човекови богатства. Колкава светлина е потребна во најтаинственото и најдлабокото треперење на сликаревата душа?

4. Колкава е темнината на сенката под зелената круна на дрвото? Што значи бесконечната игра на топлото и ладното, низ кои се споени небото и земјата во една единствена целина? Одговорите на овие прашања се јасно покажани низ мислата во секој негова акварел. Тоа е неговиот јасен и бескомпромисен творечки став. „Уметноста е како Сфингата“ - запишале. И ако ѝ придеш и не ѝ договориш на поставеното прашање, таа ќе те проголта!

Своевремено Леонардо запиша: „Од сите видени нешта потребно е опстојно да се разгледуваат три: местото на окото што гледа; местото на виденото тело и местото на светлината што го осветлува тоа тело“. Токму врз оваа законитост Љубомир Белогаски го откри сопственото место; сопственото, зашто за секој сликар постои само едно место под Сонцето - неговото!

Пејзажот, портретот и мртвата природа беа основа врз која тој го изгради сопствениот сликарски знак и неговиот симбол. Неговата „геометрија“ е мошне прецизна астрономија на неговите емотивни патувања. А таквите патишта не се ниту лесни ниту едноставни. Всушност, тие се и најдраматичните искушенија пред сите минливи земни богатства….

5. Учителот замина од другата страна на Сонцето… Се насели во своите живи слики и постојано нè подучува низ нив, дека: „да се биде вистински сликар, треба да се проучува животот, треба да се воспитуваат умот и срцето… И ниеден предмет нема да смее да мине покрај нас, а да не се одрази во нас како во чисто и исправено огледало. Сликарот мора да биде поет, фантазер и, што е најважно, неуморен работник“. Да, ова го запиша Василије Перов, исто така голем учител и сликар, во својот дневник…

А што ли се случува кога еден ден ќе го откриеме несразмерот меѓу нашите желби и нашата судбина? Ако го откриеме… На тоа прашање човечкиот род сè уште нема одговор… Можеби е тој од другата страна на Сонцето.

**Владимир Георгиевски**

Против побеле

на
П
незаб
- Lady Grecian-loti
- Grecian 2000 loti
- Grecian Plus-пена (за ма
*ја враќа природната боја на
* ја обновува оштетената ко
* го запира паѓањето на коса
* тенката коса ја зајакнува и
Со Grecian: * нема мирис на
* нема подраст
Наједноставно со рака се на
НЕВЕРОЈАТНО,
ЗОШТО ДА ИЗГЛЕДАТЕ
ПОСТАРИ ОТКОЛКУ Ш
Скалписил-Ко
медицински интенз

против:
јадеж, н
* прекум
првут и
* дејству
* дејству
шампони
СКАЛПИ
Vagisil pudra
Уникатен, 100% без талк, п
става крај на женските тешк
влажноста.
Чист природен дезодоранс
апсорбент на влага и мириси
Веднаш ги отстранува мир
нивно маскирање со парфем
невидлив влажен заштитни
кожата од воспалување што
триење и раздразнување.
Увозник: ТРАМА -